# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29-724/1
04.02. 2025 год.
КРИВА ПАЛАНКА

До
Сите заинтересирани правни и физички лица
на крак од улица „св.Јоаким Осоговски"
(на потегот од „Соларски Мост до дол Нимујлија")

Предмет: **Известување**

Почитувани граѓани на град Крива Паланка

Со цел обезбедување на инклузивност и темелно и правилно запознавање на граѓанството , и посебно на директно засегнатите деловни субјекти и поединци во рамките на **проектот за поврзување на локалните патишта** Општина Крива Паланка организира трета јавна презентација на проектот за дел од улица св.„Јоаким Осоговски" - делница од мв.Соларски Мост до мв. Дол Нимујлија. На сите заинтересирани граѓани ќе им биде презентиран проектот со опфатените измени и дополни на горенаведената траса, како и начинот на функционирање и планот за реализација на предвидените градежни активности.

Се молат сите заинтересирани граѓани за масовно учество на презентацијата со цел да се избегнат сите дополнителни нејасности или застои при реализацијата на проектот за истиот да биде завршен во што пократок рок.

Јавната презентација ќе биде одржана на ден 07.02.2025г во 09.оо часот на лице место кај локацијата на „кружен тек" спроти влезот на школо Јоаким Крчовски.

Општина Крива Паланка
Градоначалник,

| Р.бр | ФИРМА/ИМЕ | ДАТУМ | ПОТПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Игор Милковски | 04.02.2023 | |
| 2 | Ласте Давидовски | 04.02.2025 | |
| 3 | Гоце Милковски | 04.02.2025 | |
| 4 | Виде Алексовски | 04.02.2025 | |
| 5 | Батровски Стевче - Вип | 4.02.2025 | |
| 6 | Наташа Јанчиковски | 4.02.2025 | |
| 7 | Елена Димитриевска | 04.02.2025 | |
| 8 | Фото Јаце | 04.02.2025 | |
| 9 | Трио ТП | 05.02.25 | |
| 10 | Траншпед Трејд Дооел | 05.02.25 | |
| 11 | Помфо | 05.2.25 | |
| 12 | ПЗУ Градска аптека КП | 05.02.25 | |
| 13 | Лазар Холдинг | 05.02.'25 | |
| 14 | Тобако МН 2020 | 05.02.25 | |
| 15 | Аквариум | 05.02.25 | |
| 16 | С Содовски | 05.02.25 | |
| 17 | ПЗУ Токо Дент | 05.02.25 | |
| 18 | СЗД Велвет | 05.02.25 | |
| 19 | ТП Екстра Гранула | 05.02.25 | |
| 20 | Нотар Весна Митровска | 05.02.25 | |
| 21 | Дино Ексклузив | 05.02.25 | |
| 22 | Зонет Ексклузив | 05.02.25 | |
| 23 | Снежана Николоска | 05.02.25 | |
| 24 | ТП Мипа мм 2023 | 05.02.25 | С. Ил |
| 25 | | | |
| 26 | | | |
| 27 | | | |
| 28 | | | |
| 29 | | | |
| 30 | | | |
| 31 | | | |
| 32 | | | |
| 33 | | | |
| 34 | | | |
| 35 | | | |
| 36 | | | |
| 37 | | | |
| 38 | | | |

# ЗАПИСНИК

## ОД ОДРЖАНА 3-та ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ул.св. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ ДЕЛНИЦА 1 ФАЗА 2 ВО КРИВА ПАЛАНКА

ПЕТОК 9.оо -часот (на лице место кај планиран кружен тек на ул.св Јоаким Осоговски)

Присутни: Маја Костадиновска – раководител на сектор-Општина Крива Паланка
Сашко Митовски-градоначалник на Општина Крива Паланка
Слаѓан Стојановски-претставник на проектантот:ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП
Кире Велески - Општина Крива Паланка
Никола Граматиков - Општина Крива Паланка
Драго Котаранин - МТ/ЕИП
Сашка Богданова Ајцева -МТ/ЕИП
Даниел Лалков-МТ/ЕИП
Марија Јанковска-ГЕИНГ
Петар Ѓурчиновски од изведувачот БИТЕМ
Владимир Дамјановски од изведувачот БИТЕМ
Огњан Грујевски-граѓанин,претставник на заедница на станари
Арсенчо Алексовски претставник на фирма ТРАН КАБЕЛ
Сашко Митовски-градоначалник на Општина Крива Паланка
Ласте Давидовски-граѓанин, сопственик на деловен простор
Раде Алексовски-граѓанин, сопственик на деловен простор
Стевче Петковски-граѓанин, сопственик на деловен простор
И други заинтересирани и засегнати граѓани

Јавната презентација бр. 3 , започна во 9.00 часот на лице место кај планиран кружен тек на ул.„св. Јоаким Осоговски " во Крива Паланка

Пред сите присутни, вкупно околу 30 на број ,воведен збор на презентацијата даде Маја Костадиновска-раководител на сектор во Општина Крива Паланка,која во кратки црти ги информираше присутните за завршените,тековните и идните предвидени градежни активности и за изработката на проектот за измени во тек на изградбата.Потоа збор му даде на претставникот на проектната фирма Слаѓан Стојановски.

Слаѓан Стојановски во својство на претставник на проектната фирма ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП го презентираше проектансткото решение.Ги информираше присутните за основните параметри на проектантското решение: Се прави реконструкција и реконструкција со доградба на улицата св.Јоаким Осоговски во две фази итоа:Делница 1 од Соларски Мост до Дол Нимујлија и Делница 2 од Дол Нимујлија до мост кај ул.Единство. Од нив втората делница како фаза 1 од реализацијата е при крај и останува обележувањето на хоризонталната сигнализација и изградбата на потпорниот зид.Конкретно за темата на презентацијата, почетокот на Делница 1 е кај Соларски Мост и започнува со мини кружен тек кој ќе го регулира интензитетот на сообраќајот.Се предвидува денивелација на коловозот за да се смири косината, на која автобуси и подолги возила имаат проблем.Коловозот е со ширина од 6 метри.Денивелацијата на коловозот се осигурува со потпорни зидчиња, а тротоарот е во ниво како и сега, а коловозот е симнат.Подолу се формира платформа која овозможува проширување на коловозот со паркинзи и пешачки сообраќај.Во основа на проектот е безбедноста на учесниците во сообраќајот (пешачки и колски).Со проектот се решава и атмосферската канализација,поделена во два слива (кон Дурачка Река и кон пошта).

По давањето на почетните информации се вклучија граѓаните со сопствени коментари и видувања за предвидените технички решенија:

-Конкретно Ласте Давидовски имаше забелешки на предвидената изградба на парапетен зид кој граничи со тротоарот и коловозот пред неговиот деловен простор и се изјасни дека лично тој не се согласува со изградбата на парапетното зидче пред неговиот деловен простор и дека нема ништо против но денивелацијата да почне малку погоре на локацијата каде што сега е обележениот пешачки премин, во тој случај за него е во ред.

-Во реплика на неговата забелешка проектантот Слаѓан Стојановски му појасни дека тоа е проектантско решение со кое се подобрува сегашната состојба на коловозот и се гарантира безбедноста на пешаците и посебно на децата кои излегуваат од школото спроти таа локација.
-Прашање од Арсенчо Алексовски до Слаѓан Стојановски : Зошто се предвидува кружен тек на локација каде има слепа улица (кон плоштадот) и дали нее подобро да не се прави кружниот тек ?
-Во реплика на неговата забелешка проектантот Слаѓан Стојановски му појасни дека тоа е заради подобрување на сегашната состојба на коловозот со која се зголемува безбедноста на пешаците и посебно на децата кои излегуваат од школото спроти таа локација, а денивелацијата на коловозот е потребна за да се постигне потребната косина која е определена со закон , а концепцијата на сообраќајното решение сега е така предвидена но истата може по нужна потреба или во дадени услови да се промени со нов елаборат за сообраќаен режим во согласност со законските прописи и стручните согледувања на тековните состојби.
-На ова појаснување додаде Маја Костадиновска дека техничкото решение е базирано на одобрен Урбанистички проект и Основен проект за кој е извршена соодветна ревизија и согласно на тоа е издадено одобрение за градење.
На ова Арсенчо Алексовски рече дека решението треба да ги задоволи нивните барања.
Градоначалникот на Општина Крива Паланка на ова реплицираше дека проектот треба да ги задоволи барањата на сите граѓани на општината , а не само на еден дел.
( Дискусијата во овој дел се одвиваше воглавном околу прашањето дали е потребно да има парапетен зид или истиот нее потребен, а беше презентирана и конкретната ситуација со печатени примероци од пресеците /*профилите*/ во проектната документација.)
Потоа сите присутни се префрлија на локација погоре , каде се дискутираше за парапетните зидови на горната страна на кружниот тек , каде и висината на зидовите е поголема (околу 80см) на што еден од присутните изрази загриженост : Дали ќе може да си врши достава на дрва за горење?

Одговор на прашањето даде Слаѓан Стојановски кој појасни дека како што се вршела достава на огревно дрво до сега така ќе може да се дотави и во иднина, па дури можеби и полесно од порано.

Маја Костадиновска појасни дека доколку се достави барање до општината за да се добие соодветно одобрение за достава на дрва и краткорочно запирање на возило за дотур во термини кога оптеретеноста на сообраќајот е минимална ,нема да има никаков проблем ниту со сообраќајната полиција која се грижи за регуларноста на сообраќајот.
Беше искажана потреба на изведувачот за дислокација на водоводна мрежа која е во опфат на маргините на коловозот и беше побарано од проектантот да се изготви решение за тоа.
По ова прашање е предложено да се направи и консултација со стручните служби на ЈП Комуналец од Крива Паланка, и да се одржи координативен состанок со нив.

Слаѓан Стојановски повторно појасни дека со проширувањето на улицата и изградбата на кружниот тек , основната намера е да се подобри безбедноста во сообраќајот.

Сопственичка на Зомет Ексклузив побара појаснување на состојбата на трасата пред нивните деловни простории и дали ќе има можност за запирање на возило за дотур на роба.

Слаѓан Стојановски во врска со ова појасни дека на локацијата е предвиден парапетен зид , а самата улица е во денивелација према тротоарот од 40-50см и дека нема таква можност.
На ова од сопственичката на Зомет и нејзина колешка беше побарано да се провери можноста за измена на техничкото решение со денивелација и на тротоарот и да се направи евентуална можност за краткотрајно запирање на возило за дотур.
Презентацијата на терен заврши во 11.30 часот.
После одржувањето на јавната презентација и сослушувањето на потребите на граѓаните се одлучи да се одржи еден стручен состанок со сите стручни инволвирани лица во општинските простории.

На состанокот одржан во Општина Крива Паланка во кабинетот на градоначалникот беа согледани сите технички прашања и се даде насока на проектантот да направи предлог техничко решение со можни измени на проектната документација и истото да го презентира на ден 14.02.2025г во Петок.

Состанокот заврши во 12.47 часот.

Во Крива Паланка на ден 07.02.2025г.
Време на одржување на јавната презентацијана терен : 9.00 до 11.30 часот
Време на одржување на состанокот 11.45 до 12.47 часот, во просториите на Општина Крива Паланка
Место на одржување: Општина Крива Паланка